# ОПШТИНА ИЛИНДЕН




## ОТЧЕТ 2023

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2023 ГОДИНА

# ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА




- Спроведена постапка за унапредување административни службеници со објавување на интерен оглас - доделени решенија за унапредување на 3 административни службеници.
- Спроведен јавен оглас за вработувавање 8 административни службеници и доделени се решенија за вработување за 5 административни службеници.
- Во општинската администрација вработени се 31 лице, од кои 27 на неопределено време, а 4 лица на определено.
- Согласно Годишниот план за јавни набавки беа планирани вкупно 42 постапки од кои 38 постапки беа спроведени и отпочнати со реализација или, 90,48% реализација.
- **Постапено** е по 258 предмети по основ на легализција на бесправно изградени објекти.
- **Советот на Општина Илинден одржа 12 редовни седници, при што се донесени 136 акти.**

# УСВОЕН БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА

Советот го усвои Буџетот на Општината за 2024 година, со вкупна вредност од 465.636.000 денари или приближно 7,6 милиони евра.

Анализата на приходите и расходите на Општината во буџетот за минатите години и планираните реални приходи за 2024 година се земени како основа во проектирањето на Буџетот, со развојна компонента при што е применет партиципативниот принцип на буџетирање, како и следење на реалните потреби и барања на локалната заедница при дефинирање на програмите за развој.

Посебен акцент во основниот буџет за 2024 година во износ од 184.276.000,00 денари е ставен на капиталните расходи кои заземаат 40 % од планираните средства во вкупниот буџет, додека капиталните расходи во основниот буџет изнесуваат 64,5 %.



# ПРОДОЛЖУВАМЕ ПО ПАТОТ НА РАЗВОЈОТ ШТО ЗАЕДНО ГО ТРАСИРАВМЕ



***Почитувани сограѓани,***

*Зад нас е уште една година во која успеавме да реализираме голем дел од планираните проекти со единствена цел подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Посебно не радува податокот дека најголемиот дел од реализираните проекти беа посочени токму од вас граѓаните, како приоритетни, што за нас беше обврска во рамки на можностите да ги реализираме во најбрз можен рок. Со домаќинско работење и неселективен пристап кон сите граѓани и населени места, успеавме да оствариме солидни резултати во локалниот економски развој, во патната, комуналната и енергетската инфраструктура, образованието, во детската заштита, урбанизмот, екологијата, културата, спортот и другите сфери на општественото живеење.*

***Почитувани сограѓани,***

*Во таа насока изградивме, реконструиравме, санираме и рехабилитиравме 78 локални улици и патишта, во должина од 12.744 метри, изградивме пешачко-велосипедски и трим патеки во должина од над 7.000 метри, изградивме канализациски систем во вкупна должина од над 3.500 метри, нови линии водовод во должина од 2.300 метри, нови линии на улично осветлување во должина од над 3.500 метри. Истовремено во насока на зачувување на здравата и чиста животна средина успеавме да исчистиме над 37.000 метри отворени одводни канали, како и да засадиме над 30.000 садници.*

*Покрај доделувањето на еднократна парична помош за новороденче, годинава со цел да се стимулираат граѓаните почесто да ги користат велосипедите, за прв пат доделивме субвенции за купување на велосипеди, воведовме за прв пат субвенции за купување на инвертер клими или соларни панели, за прв пат доделуваме еднократна финансиска парична помош за поддршка на младите претприемачи. Со цел да се поддржат и наградат спортистите кои оствариле големи успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување големи победи на спортските натпревари, за прв пат беше доделена еднократна финансиска поддршка за спортисти кои се жители на Општината.*

*За најуспешните 50-тина ученици од општинските основни училишта, за прв пат организиравме училишен летен камп во македонските туристички центри. Исто така, по обезбедениот продолжен престој за првоодделенците успеавме да обезбедиме продолжен престој и за учениците од второ одделение во ПООУ „Гоце Делчев“.*

***Почитувани сограѓани,***

*Самите податоци и информации во Отчетот доволно зборуваат кои беа приоритетите на локалната самоуправа во изминатата година. Сепак, сето ова ни оддалеку не значи дека има простор за самозадоволство, туку напротив, мотив, поттик да продолжиме по истиот пат, пат кој заедно го трасиравме и уверен сум ќе го трасираме во иднина, во интерес на сите нас, нашите деца и идните генерации. Да им оставиме што е можно повеќе, да им создадеме што е можно подобри услови за живот.*

*Почитувани, сакам да ви се заблагодарам на вам граѓаните за досегашната доверба за поддршката што ми ја давате во моментите кога е најпотребно.*

*Продолжуваме заедно, за подобра Општина Илинден!*

***М-р Александар Георгиевски***
*Градоначалник на Општина Илинден*

# ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ

Во насока на стимулирање на граѓаните почесто да ги користат велосипедите и велосипедските патеки и заеднички да се придонесе за поздрава и почиста животна средина и здрави навики за живеење, Општината за прв пат додели субвенции за купување на велосипеди.

Еднократна парична помош за купување на велосипеди добија 57 граѓани со живеалиште на подрачјето на Општината кои имаа поднесено барање за субвенции.

Износот кој го додели Општината како финансиска помош изнесува 50% од сумата за која е купен велосипедот или, максимум до 4.000 денари по велосипед.





# СУБВЕНЦИИ ЗА ИНВЕРТЕР КЛИМИ ИЛИ СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

На територија на Општината за прв пат се воведоа субвенции за купување на инвертер клими или соларни панели. Целта е да се стимулираат граѓаните на Општината (домаќинствата) за употреба на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината. Доделени се 56 решенија за добивање еднократна парична помош за купување инвертер клими или соларни панели, а финансиската помош изнесува 50% од сумата за која е купена инвертер климата или соларниот панел, односно до максимум 10.000,00 денари по производ.

# ФИНАНСИСКА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ

Објавен е Јавен повик за доделување на еднократна финансиска парична помош за поддршка на младите претприемачи. Јавниот повик е согласно Програмата за финансиска поддршка на целни групи граѓани, млади претприемачи чиј бизнис е со седиште на територија на Општина Илинден. Износот што Општината го доделува како финансиска помош за младите претприемачи е во висина од 6.000 денари.

# ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

**Изработени и реализирани се 107 решенија за доделување еднократна парична помош за новороденче.**

# ОТВОРЕН ДЕН СО ГРАЃАНИТЕ- ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИ ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ЗА БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА





Во просториите на Општината се одржа Отворен ден каде што граѓаните ги презентираа своите идеи и предлози за формирање на Буџетот за 2024 година, со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и решавање на проблемите.

Во рамките на својата транспарентност во комуникацијата со граѓаните, градоначалникот заедно со претставници од службите на Општината оствари директна средба со граѓаните на која се разговараше за предлозите и идеите на граѓаните преку кои тие учествуваат во распределбата на средствата за следната година. Вниманието најмногу беше насочено кон комуналната и патната инфраструктура, уредување на простор со спортски терени, паркови, детски игралишта, озеленување..., а сите предлози, согласно можностите се имплементираат во програмата за работа и Буџет за 2024 година.



# ПРОДОЛЖУВА ИНТЕРЕСОТ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

Благодарејќи на создадените поволни услови за стопанисување, Општината и натаму останува привлечна за домашните и странските компании, за отворање на нови и проширување на постоечките капацитети со цел отворање на нови работни места и поквалитетен живот на граѓаните.

Проширување на капацитетот направи и компанијата SCANIA, која организираше свечено отворање на новиот сервис центар.

Изградбата на транспортна, комунална и енергетска инфраструктура во локалните економски зони во изминатиот период придонесе многу стопански субјекти да го почнат својот бизнис во Општината, искористувајќи ги поволностите што ги нуди локалната самоуправа.

# ИЗГРАДБА, ПОДОБРУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА



**Во насока на обезбедување поквалитетен живот на жителите на Општината, континуирано се работеше на реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локалните улици и патишта, што е еден од приоритетите во работењето на локалната самоуправа.**

**Со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот, подобрување на секојдневната комуникација на луѓето, извршена е изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на 78 локални улици и патишт во должина од 12.744 метри.**

## ИЗГРАДЕН НОВ КРУЖЕН ТЕК НА ВЛЕЗОТ ВО ОПШТИНАТА

Новиот кружен тек е на важна крстосница кој ги опфаќа главните улици „2“, „8“, „9“ и новопроектираната улица „10“ на влезот во Општината. Со изградбата на овој кружен тек се растоварува сообраќајниот метеж во овој фрекфентен дел од Општината, а воедно се зголемува безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Притоа околу кружниот тек и на дел од составот на улиците „8“ и „9“ изграден е и тротоар во должина од 180 метри. Исто така извршено е партерно и хортикултурно уредување како и јавно осветлување на просторот.



| Изградени улици, патишта, пешачки и велосипедски патеки по години | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина (м) | 12.025 | 7.895 | 12.348 | 15.628 | 19.744 |















**Завршена е реконструкцијата на локалниот пат улица „532“ во должина од 1.880 метри и изградба на тротоар со ширчина од 1,5 метри.**

Овој локален пат е од огромно значење за Општината и претставува главна сообраќајна конекција меѓу населените места Илинден, Марино и Кадино. Дополнително локалниот пат „532“ претставува единствен влез во една од најголемите локални економски зони Марино-Кадино, како и конекција со училиштата и повеќе објекти од јавен карактер.

---

**Извршена е реконструкција и асфалтирање на локалниот пат Миладиновци-Бујковци во должина од 1.500 и широчина од 5,5 метри.**

Со реконструкцијата на овој локален пат се реши и одведувањето на водите од коловозот што во минатото претставуваше главна причина за оштетување на патот.













**Извршено е комплетно реконструирање на главната улица во Бунарџик во вкупна должина од околу 650 метри. Изградени се отворени одводни канали за зафаќање на атмосферската вода, а на неколку локации во трупот на патот поставени се цевасти пропусти со цел да се одведе површинската и високото ниво на подземни води.**

Оваа улица е од големо значење за жителите на ова населено место, бидејќи ги поврзува подрачното основно училиште „Ристо Крле“, Домот на култура со детското игралиште, како и централното игралиште за мал фудбал.





- **Санирана е раскрсницата Кадино-Бунарџик-Миладиновци во должина од околу 200 метри, пришто се изврши целосна замена на тампонската потконструкција на патот и е поставен нов асфалтен слој.**

  Оваа раскрсница е клучна во функционирањето на патниот сообраќај затоа што ги поврзува сите населени места во Општината и на неа се одвива многу интензивен сообраќај.










- **Асфалтиран е дел од улица „11“ во Кадино, во должина од околу 300 метри и широчина од 5.5 метри. Покрај коловозот изградена е пешачка патека со широчина од 1.5 метри.**





Во Марино асфалтирана е улица „415“ во должина од 150 метри.





Во должина од 350 метри асфалтирана е главната улица „120“ на влезот во населбата Јака, како и пешачка патека во иста должина.

Асфалтиран е крак од улица „9“, во должина од 120 метри што се наоѓа зад црквата „Свети Константин и Елена“ во населба Илинден.



Асфалтирани се 4 краци на улица „531“ во Марино, со вкупна површина од околу 800 метри квадратни.



- **Комплетно е реконструиран и асфалтиран со два слоја асфалт локалниот пат Илинден - Хиподром во должина од околу 700 метри. Поставени се ивичници, како и цевки за одведување на атмосферските води од коловозот.**

  Овој локален пат е од големо значење за жителите, затоа што ја поврзува Општината со Скопје, со локалната економска зона и е главна артерија за јавниот превоз во Општината.





- Санирани и асфалтирани се краците 4 и 5 од улица „8“ во Миладиновци, во вкупна должина од 300 метри.



- **На повеќе локации во Општината извршено е поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација-обележување на пешачките премини, поставени се сферни огледала и заштитни столбчиња.**

  Приоритет во работењето на локалната самоуправа во областа на патната инфраструктура е превенцијата во сообраќајот, односно зголемувањето на безбедноста на учесниците во сообраќајот, особено на најзагрозената категорија пешаците и велосипедистите. Во тие рамки е и реализацијата на Проектот за подобрување на безбедноста во сообраќајот, патна сигнализација, пешачки патеки.

**Во населба Илинден асфалтирани се повеќе кракови од улица „11“ во вкупна должина од околу 600 метри.**



- Асфалтирн е крак 1 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 75 метри.
- Извршено е асфалтирање на крак 4 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 50 метри.
- Асфалтиран е крак 3 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 50 метри.
- Асфалтиран е крак 5 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 70 метри.
- Извршено е асфалтирање на крак 2 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 55 метри.
- Извршена е санација и асфалтирање на крак 6 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 60 метри.
- Извршена е санација и асфалтирање на крак 7 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 50 метри.
- Саниран и асфалтиран е крак 8 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 45 метри.
- Извршена е санација и асфалтирање на крак 9 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 55 метри.
- Саниран и асфалтиран е крак 10 на улица „11“ во населба Илинден во должина од 27 метри.





# ИЗГРАДЕНИ 7.000 МЕТРИ ПЕШАЧКИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ И ТРИМ ПАТЕКИ



**Значителен дел од капиталните инвестиции во Општината беа насочени кон подобрување на локалната патна инфраструктура, посебно кон изградба на пешачки и велосипедски патеки. За таа цел, обезбедување поголема безбедност на пешаците и велосипедистите како најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот изградени се 7.000 метри пешачки и велосипедски патеки, како и трим патеки.**



**Асфалтирана е пешачката патека на улица „2“ во населба Илинден, во должина од 620 метри и широчина од 1,5 метри, која се наоѓа на една од најфрекфентните делници и се протега од надвозникот на влезот во Општината се до Кружниот тек.**





- **Изградена е трим патека која се протега од Ајватовци до Бучинци, во должина од околу 5 километри.**

  Патеката на која се поставени информативни табли, летниковци за одмор на граѓаните, клупи и корпи за отпадоци е наменета за пешачење, рекреација, како и планински велосипедизам.









- Изградба на нова пешачка патека на улица „2“ во должина од 350 метри која се протега преку надвозникот на влезот во Општината.





## КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА



# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ

**Реализацијата на капитални проекти од областа на комуналната инфраструктура се една од стратегиските цели и приоритетите на локалната самоуправа во насока на подобрувањето на квалитетот на живот на граѓаните, зачувување на здравата животна средина и е од огромно значење за локалниот економски развој.**

**Во тие рамки се продолжи со изградба на пречистителни станици, канализациски системи, препумпни уреди, како и приклучување на домаќинствата и стопанските објекти на фекалната канализација. Притоа, изградена е фекална канализација во должина од над 3.500 метри.**

- Изградените два крака на колекторскиот систем за фекална канализација за Илинден и Марино во вкупна должина од 4.700 метри со одлука на Советот се предадени во владение на ЈКП „Водовод“.



- **Изградба на фекална канализација на дел од населба Илинден**

Изработена е нова комплетна техничка документација по што почна да се гради нов колекторски систем во должина од 4.200 метри со кој се опфатени повеќе од 400 домаќинства во месноста викана „Плац“ во населба Илинден.

Од октомври досега изградена е канализациска мрежа во должина од 1.514 метри, како и 51 шахта, изградба на препумпни уреди за зафаќање на површина од 46 хектари.

Овој дел од населбата е еден од најниските делови и досега воопшто не беше третиран за работа, поради својата сложеност за изведба и проблематичноста во реализација на фекалната канализација.










- Изградена е нова линија за одведување на отпадни фекални води на крак од улица „9“ населба Илинден со должина од околу 200 метри.
- Изградена е фекална канализација во локалитет „Јака“ со која се опфатени околу 500 домаќинства на која досега се приклучени 130 домаќинства.
- Изградба на канализациска линија во должина од околу 450 метри во Марино, на која ќе се поврзат домаќинствата од улица „500“ од ова населено место.








- Изграден е препумпен уред во населбата Јака, со што се завршува изградбата на фекалната канализација во оваа населба во вкупна должина од 6.300 метри, со која се опфатени најголем дел од домаќинствата од тој дел на Општината.
- Изградена е фекална канализација во локалитетот Јака во должина од 467 метри. Со канализација се опфатени околу 500 домаќинства, на која досега се приклучени 130 домаќинства.







- Изградена е нова линија на фекална канализација на улица „11“ во населба Илинден, во должина од 300 метри.
- Во населба Илинден, на крак од улица „9“, на улица „11“ и на локалитетот Ограѓа поставена е канализација во вкупна должина од 554 метри.
- На улиците „400“, „409“, „410“ и „500“ во Марино изградена е канализациска линија во вкупна должина од 903 метри.







- **Општина Илинден донесе одлука за намалување на надоместокот за поставување на приклучок на фекална канализација Блок 32 КО Марино, каде што од 29.950 денари цената за оваа услуга се намалува на 12.000 денари.**

# ЧИСТЕЊЕ, НИВЕЛИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ОДВОДНИ КАНАЛИ

- Во соработка со Водостопанство „Скопско Поле“, ЈКП „Илинден“, општествено одговорни компании и граѓаните исчистени се околу 37.000 метри отворени одводни канали што се наоѓаат на територија на Општината.
- Со цел да се обезбеди проточност на каналската мрежа континуирано се работеше на чистење, нивелирање и одржување на речните корита и на отворени одводни канали кои на територијата на Општината се во должина од 120 километри.













- Со редовното одржување на каналската мрежа се овозможува непречен проток на атмосферските води, се спречува настанувањето на поплави и се обезбедува чиста животна средина која е еден од условите за квалитетен живот на населението, поради што редовното чистење, нивелирање и одржување на отворените канали останува еден од приоритетите на Општината.
- **Општина Илинден ја презеде обврската за плаќање на водениот надомест за редовното одржување, чистење и нивелирање на отворените одводни канали, за што се издвоени средства во висина од 4.205.520,00 денари од Буџетот на општината.**



## ВОДОВОД

### ПРОЕКТ:

# „МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ“



**Со цел обезбедување на стабилен и оптимален проток на чиста, квалитетна и здрава вода за пиење за сите жители, еден од приоритетите беше реализацијата на проектот „Модернизирање и проширување на водоводниот систем“.**

- Извршено е проширување на водоводната мрежа во вкупна должина од 2.300 метри, заради приклучување на нови корисници во населените места во Општината.
- Во пумпната станица Јурумлери заменети се старите вакуум пумпи за гасно хлорирање на водата. Новите пумпи се енергетско ефикасни и со нив се постигнува поголем квалитет во водоснабдувањето. Беше заменета и целокупната опрема за хлорирање и реновирање на хлорната станица.

Со поставување на новите пумпи се создадоа услови за комплетно поврзување на сите извори на вода во пумпната станица Јурумлери со системот за дезинфекција на водата со гасен хлор.

- Во локалитетот Јака изграден е нов 400 метри доводен цевковод за поврзување на водоводната линија во локалитетот Јака со примарната водоводна линија во Марино, како и цевковод со дијаметар Ø110 во должина од 704 метри за поставување на водоводни приклучоци. Со ова се обезбедува поголем квалитет во водоснабдувањето и се решава повеќегодишниот проблем со недоволниот притисок во водоводната мрежа и потребната количина на вода.
- Извршивме целосна реконструкција на примарната водоводна линија во должина од околу 60 метри, при изведување на градежните активности за изградба на кружниот тек во населба Илинден.



# ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Со цел обезбедување квалитетни и ефикасни комунални услуги за потребите на граѓаните, интензивно се работеше на опремување и модернизирање на општинските јавни претпријатија. Со обновувањето на опремата на јавните комунални претпријатија се овозможи поефикасна, побрза и поквалитетна комунална јавна услуга за жителите, но и придонес Општината да биде една од најчистите општини во државата и регионот.**




## СПЕЦИЈАЛНО ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

- Во насока на подобрувањето на квалитетот на комуналните услуги возниот парк на ЈКП „Илинден“ се поднови со специјално возило за собирање на комунален отпад со капацитет од 7м³. Ова возило ги заменува старите и дотраени возила наменети за собирање на комунален отпад од најтесните улички низ населените места.







## СПЕЦИЈАЛНА ГРАДЕЖНА МАШИНА -РОВОКОПАЧ

- Набавена е нова специјална градежна машина-ровокопач. Со набавката на оваа машина се обновува стариот и дотраен возен парк, се подобрува квалитетот на услугите и ефикасноста во работењето на ЈКП „Илинден“.




## НОВА ПРОФЕСИОНАЛНА ОПРЕМА ЗА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- За поквалитетно одржување на јавната чистота, одржување на јавните зелени површини и паркови набавена е професионална опрема: моторни коси, бензинска косилка, моторна дувалка, телескопска пила, како и тракторска косилка.

## КОНТЕЈНЕРИ ЗА ЕЛЕКТРИЧЕН ОТПАД

- Согласно законските обврски кои произлегуваат од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, на 12 локации низ Општината поставени се специјализирани контејнери наменети за електричен и електронски отпад.

  Целта на реализацијата на овој проект е ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадна електрична и електронска опрема на подрачјето на Општината, а со тоа спречување или намалување на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со овој вид отпад.








## НОВИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ОТПАД ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈКП „ИЛИНДЕН“

- За потребите на ЈКП „Илинден“ обезбедени се 10 метални контејнери од 5.5 м$^3$, 20 метални контејнери од 1.1 м$^3$, 30 парковски корпи за отпад, 20 пластични садови за отпад од 240 литри и 120 пластични садови за отпад од 120 литри.

## СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД

- Собрани и транспортирани во „Дрисла“ се 4.172 тони комунален отпад. Притоа, собрани се 3.000 тони растителен отпад, околу 34 тони селектиран отпад-стакло, над 1.5 тони пет амбалажа и околу 1.9 тони електронски отпад.



# ПОСТАВЕНА Е УРБАНА ОПРЕМА ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Со цел разубавување на просторот и создавање квалитетни услови за одмор и рекреација на сите жители, интензивно се работеше на обнова и поставување на нова урбана опрема.**

- Изградени се симболични скали со заштитна ограда, кои водат од локалниот пат во населеното место Бучинци до црквата Света Троица, како и одморалиште со клупа и корпа за отпадоци.
- Во неколку населени места поставени се клупи, канти за отпадоци, а извршена е и реконструкција на заштитни огради.





**Почна изградба на видиковец во Бунарџик, поставена е урбана опрема, како и просторно и хортикултурно уредување.**

- Во близина на новиот кружен тек на ул. „8“ и ул. „9“ во населба Илинден поставена е нова автобуска постојка.



- Со цел разладување на минувачите и рекретивците во топлите летни месеци, покрај пешачко-велосипедската патека во Марино поставени се две нови фонтани за пиење вода.





**Одбележан Светскиот ден на водата 22 март**

По повод 22-Март Светскиот ден на водата градоначалникот ги посети дечињата од детската градинка во Миладиновци при што зборуваа за важноста на водата во човековиот живот. Дечињата за овој ден имаа подготвено приредба на тема за водата, а на градоначалникот му подарија подароци изработени од нивните вредни рачиња.





**Општината беше домаќин на Регионална средба на комуналните претпријатија**

Општината беше домаќин на Регионалната средба на комунални претпријатија која е во организација на Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ, согласно проектот „Со подигнување на јавната свест до одржливи комунални услуги“.

Генералната цел на настанот беше да се подигне јавната свест за одржливи комунални услуги, едукација за значењето на комуналните услуги и навремена испорака во секојдневниот живот, како и предизвиците со кои се соочуваат јавните комунални претпријатија.



# ПРОШИРУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ



**Продолжи реализацијата на проектот „Илинден-Светла Општина“, којшто опфаќа проширување и модернизација на уличното осветлување, со поставување нови линии на улиците во сите населени места, поставување на електрични столбови, зголемување на бројот на електрични светилки и тековно одржување на јавното осветлување.**

**Поставени се нови линии на улично осветлување во вкупна должина од околу 3.500 метри.**



- Во населбата Јака е поставена улично осветлување во должина од 800 метри.
- Улица „540“ во Марино доби осветлување во должина од 200 метри.
- На улица „533“ во Марино поставено е улично осветлување во должина од 100 метри.
- Нова линија на улично осветлување е поставено на влезот во Миладиновци во должина од 300 метри.
- На улиците „2“, „6“ и „19“ во населба Илинден поставено е улично осветлување во должина од 660 метри.
- Улиците „3“ и „7“ во Кадино добија осветлување во должина од 370 метри.



**Покрај активностите за поставување на нови линии за улично осветлување се врши и докомплетирање на постојните линии, како и бројни интервенции за отстранување на оштетените сијалични места и вградување на нови.**



- Улично осветлување е поставено на улица „399“ во должина од 100 метри, како и на улица „500“ во должина од 100 метри во Марино.
- Во Ајватовци улиците „1“ и „2“ добија осветлување во должина од 230 метри.
- Ново осветлување доби улица „1“ во Бучинци, во должина од 50 метри.
- Во Дељадровци на улица „2“ се постави осветлување во должина од 50 метри.
- Поставена е нова линија за улично осветлување во делот кај мостот на локалниот пат Кадино-Миладиновци во должина од 500 метри. Поставени се метални столбови со лед светилки, соодветни сообраќајни знаци, метална заштитна ограда од двете страни на мостот, поставена е флуросцентна патна сигнализација долж целиот потег, како и флуросцентна лента по должината на мостот.





## Решавање на проблемот со бездомните кучиња

- По барање на граѓаните и во насока на решавање на проблемот со бездомни и нерегистрирани кучиња, Општината презема доследна примена на одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните.
- Приоритет за заловување и третман на бездомни и нерегистрирани кучиња се дава на дворните површини на училиштата, детските градинки, јавните објекти и други фреквентни места во централниот дел на Општината.



ЕКОЛОГИЈА

# ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН



**Заштитата и унапредувањето на животната средина како еден од најголемите предизвици на денешницата како во светот, така и кај нас, останува приоритет во работењето на Општината. Во таа насока е и реализацијата на бројни проекти од областа на комуналната инфраструктура, изградбата на фекалната и атмосферската канализација, чистењето, нивелирањето и одржувањето на отворените одводни канали, примарната селекција на отпадот, континуираните акции за чистење на јавните површини, озеленување и засадување на нови садници... Со цел да се придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот, здрава и чиста животната средина, како и подобрување на условите за живеење и квалитетот на живот е и реализацијата на проектот „Зелена Општина Илинден“ во чии рамки се засадени 30.000 садници на повеќе локации во општината.**

**Грижата за екологијата и здравата животна средина е обврска на сите нас, па затоа одржувањето на озеленетите површини и садниците е обврска на секој поединец во локалната заедница.**

**Општината искажува голема благодарност до општествено одговорните компании Џонсон Мети, Макпетрол, Хавеп Импекс, Пекабеско, Еко Дани Трејд Тримил Р, МАН, СИГО, Фреш фарм, Рио кафе, Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад кои ја покажаа грижата за екологијата.**



Во манастирскиот комплекс Дељадровци беа засадени 30 декоративни високорастечки листопадни дрвца. Во акцијата учествуваше и Владиката г. Григориј – митрополит на Кумановско-осоговска епархија







На Ајватовски рид се реализираше голема акција за пошумување во рамки на проектот „Зелена Општина Илинден“, при што се засадени 11.000 садници од видот багрем. Во акцијата со која беше опфатена уништената шума на површина од 30 ха со големите пожари што се случија летото учествуваа голем број граѓани, ученици, јавните претпријатија, општинската администрација, како и вработени во општествено одговорни компании.



Во организација на „Мен енд маунтен“ се реализираше големата  еколошка акција „Генералка викенд 2023“ во која се вклучија општинската администрација, јавните комунални претпријатија, училиштата и граѓаните, при што се чистеше на повеќе локации на територијата на Општината и се собраа 20 метри кубни отпад. Со оваа голема еколошка акција Општината упатува апел до граѓаните да покажат поголема грижа за природата и природните ресурси, а отпадот да го одлагаат на места соодветно определени за таа намена.










# ЕКОЛОГИЈА

## ПАРК ВО ЈАКА

- Најмладите од Јака можат да се забавуваат на новоизградениот и хортикултурно уреден детски парк, којшто освен што на најмладите ќе им обезбеди зелено катче за дружба, придонесува да се намали загадувањето на воздухот и да се подобрат условите за урбано живеење.








## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВОИЗГРАДЕНИОТ ПАРК ВО ДЕЉАДРОВЦИ

- Пуштен е во употреба новоизградениот парк во Дељадровци што се простира на површина од над 600 метри квадратни. Просторот е озеленет и хортикултурно уреден, со пешачка патека, поставено е осветлување, урбана опрема, нови клупи, корпи за отпадоци.







# СО ЗАСАДУВАЊЕ НА ДЕКОРАТИВНИ САДНИЦИ СЕ ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ



- Со засадување декоративни садници во делот околу спортската сала „Гоце Делчев“ и садење на цвеќиња и уредување на училишниот двор во ПООУ „Гоце Делчев“ во Илинден беше одбележан 4-ти ноември, Светскиот ден на климатските промени.

  Во рамките на одбележувањето во просториите на Домот на култура „Илинден“ се одржа и годишна конференција на здружението Зелена Градба Асоцијација на која присуствуваа и претставници од бизнис секторот, претставници од амбасади, како и претставници на повеќе здруженија поддржувачи на здружението ГБА.








- Исчистени се 20 диви депонии на територија на Општината и тоа во населба Илинден, Кадино, Миладиновци, Бунарџик, Ајватовци, Мршевци, Мралино и Текија.

## ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

# ИЗГРАДБА НА НОВ ДЕЛ НА ЦЕНТРАЛНИОТ ОБЈЕКТ НА ГРАДИНКАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



- Се гради нов дел на централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев“. Со доградбата ќе се изградат две занимални во кои ќе бидат згрижени околу 35 деца на возраст од 9 до 24 месеци. Доградбата ќе се простира на 280 метри квадратни. Во дворот ќе бидат изградени два детски парка, и тоа парк со детски реквизити и парк за моторен развој на децата.



- **Со доградбата, детската градинка „Гоце Делчев“ ќе располага со вкупно 22 групи распоредени во два објекта и ќе згрижуваат вкупно 560 деца. Со реализацијата на овој проект комплетно ќе се реши проблемот со недоволен згрижувачки капацитет со кој Општината се соочуваше во текот на изминатите 14 години.**



- На свеченоста по повод поставувањето на камен темелникот на новиот дел од градинката покрај големиот број присутни беа и градоначалникот Александар Георгиевски, како и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски.

## ДЕЦАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ТРАДИЦИОНАЛНО ГИ ОДБЕЛЕЖАА БАДНИК И БОЖИК

Традиционално како и во изминатите години децата од ЈОУДГ „Гоце Делчев“ и вработените ги одбележаа големите христијански празници Бадник и Божик.

Малите коледари пееа коледарски песни и добија божикни дарови.









## ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ГРАДИНКАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Со богата приредба, пред поголем број родители и гости на свечен начин беше одбележан 14-тиот патронен празник на градинката „Гоце Делчев“ и 151 годишнина од раѓањето на Гоце Делчев.

На приредбата учествуваа дечињата од групите Пеперутка, Пепелашка, Црвенкапа, Верверичка и Срничка, кои низ песна и игра се потрудија да ја разбудат еколошката свест.

## ЗАВРШНА ПРИРЕДБА НА ДЕЧИЊАТА ОД ГРАДИНКАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Со завршна приредба детската градинка „Гоце Делчев“ испрати уште една генерација во прво одделение. Со драмска претстава за Црвенкапа и волкот, песна и игра дечињата поздравија со своите воспитувачки.



ОБРАЗОВАНИЕ

# СОЗДАВАЊЕ НА МОДЕРНИ УСЛОВИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО



**Локалната самоуправа континуирано работи на обезбедување квалитетни услови во образованието и успешно реализирање на образовниот процес. Капиталните инвестиции во образованието се од огромно значење за иднината на една општина, па затоа реконструкцијата и модернизацијата на трите општински основни училишта, како и Средното општинско стручно училиште „Илинден“ беше еден од приоритетите на локалната самоуправа. Во таа насока е и набавката на најсовремена опрема со единствена цел да се стимулираат учениците, да ги имаат сите неопходни услови за модерно образование. Квалитетното образование е услов за просперитетна иднина на целокупната заедница.**



## ИЗГРАДБА НА НОВ ПОКРИВ НА ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО

Почна комплетната замена на постоечката покривна површина од околу 2.100 метри квадратни на централното општинско основно училиште „Ристо Крле“. Со отстранување на старите салонитни табли кои содржат азбестни компоненти и поставување на пластифициран лим на нивно место се обезбеди хидротермичка изолација, се спречи протекувањето и оштетување на внатрешните простории во оваа образовна институција. ООУ „Ристо Крле“ е изградено пред 44 години, а за прв пат се врши замена на покривната површина.

Во првата фаза од реализацијата на овој проект досега се заменети 700 метри квадратни од стариот покрив.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“



Во ООУ „Браќа Миладиновци“ во Текија поставен е котел на пелети со цел подобрување на условите во училиштето во текот на зимските месеци, а во ПОУ во Мршевци опремена е мини спортска сала за реализирање на часовите по физичко образование на учениците. Во двете подрачни училишта извршено е уредување на внатрешните простории.

Во централното училиште во Миладиновци обезбедени се две смарт табли, уредување на просториите, обновени се подовите, старите врати се заменети со нови, набавени се две инвертер клима уреди. Направени се инвестиции и во техничката опрема во училиштето, во надворешниот дел извршено е хортикултурно уредување, поставени се корпи за отпадоци, набавена е косилка за уредување на зелените површини. Во училишната библиотека зголемен е библиотечниот фонд со лектирни изданија за учениците од прво до деветто одделение, како и набавка на униформи за техничкиот персонал и наставниците по физичко образование.



# ИНСТАЛИРАНА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

На покривната конструкција на ООУ „Гоце Делчев“ поставена е фотоволтаична централа со вкупна инсталирана моќност од 15 kw (киловати) проектирана согласно годишната потрошувачка на електрична енергија на училиштето, која е донација од компанијата ОКТА АД – Скопје.

Со оваа донација се овозможува континуирана заштеда на средства за Општината и намалување на трошоците на училиштето, а се ослободуваат средства за понатамошно подобрување на образовниот и воспитниот процес, од кој крајниот бенефит ќе го имаат децата и нивните родители. Градоначалникот Александар Георгиевски и се заблагодари за оваа донација на ОКТА која, како што рече, треба да биде пример за тоа што значи да се биде одговорен кон средината во која што живееме и работиме.





# ОПРЕМЕН НОВ КАБИНЕТ ПО ПРОГРАМИРАЊЕ ВО СОСУ „ИЛИНДЕН“

Опремен е нов кабинет во Средното општинско стручно училиште „Илинден“, наменет за потребите на учениците по предметот програмирање, уредување на веб страни, автоматика, мултимедија, како и за потребите на останатите стручни предмети.

Набавени се 28 мини десктоп компјутери i5, со исто толку монитори, тастатури и мауси. Сите компјутери се со лиценциран Windows 11 Professional.

Користењето на новата информатичка опрема ќе овозможи поуспешно реализирање на образовниот процес преку примена на нова и напредна информатичка техника и технологија, а учениците ќе можат да ги продлабочат и прошират своите знаења, вештини и умеења во квалификациите Електротехничар за компјутерска техника и автоматика и Електротехничар за електроника и телекомуникации.





# ОБЕЗБЕДЕН Е ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Во ПООУ „Гоце Делчев“ е обезбеден продолжен престој и за учениците од второ одделение. Во продолжениот престој за второ одделение има вкупно 31 дете, сместени во просторија комплетно опремена за таа намена.

Продолжен престој е обезбеден за прво одделение за околу 50 дечиња, а со сопствени средства и покрај немањето поддршка од централната власт обезбеден е продолжен престој за второ оделение. Следната година ќе има и за учениците од трето одделение.





# УЧЕНИЦИ ОД ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА

Ученици од четврто одделение од ООУ„Гоце Делчев“ беа во посета на Општината. За време на оваа едукативна посета, учениците имаа доста интересни прашања кои беа упатени до градоначалникот и работата на локалната самоуправа. Во рамки на посетата учениците на градоначалникот му подарија и рачно изработен подарок.



# СО СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И ИЗЛОЖБЕНИ РАБОТИЛНИЦИ ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Со бројни спортски активности и изложбени работилници учениците од ООУ „Гоце Делчев“ го одбележаа патронатот на училиштето и 120. годишнината од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Традиционално одбележувањето на патрониот празник почна со положување на свежо цвеќе пред бистата на македонскиот великан Гоце Делчев, еден од најголемите идеолози на народноослободителното движење на македонскиот народ кон крајот на 19-от и почетокот на 20-от век.





# ОТВОРЕН ДЕН ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Средното општинско стручно училиште „Илинден“ ширум ги отвори вратите за сите заинтересирани кои сакаат да се запознаат со условите за запишување во ова училиште.

На Отворениот ден идните средношколци, нивните родители, како и сите останати имаа можност да се запознаат и со квалификациите кои ги нуди училиштето, со наставниот план и програма, со проектите и изработките на учениците.



# СО БОГАТА МУЗИЧКА ПРОГРАМА ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Со богата музичка програма во име на среќата и безгрижната игра учениците од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Миладиновци го одбележаа патрониот празник на училиштето. Традиционално одбележувањето на патрониот празник почна со положување на свежо цвеќе пред бистата на Браќа Миладиновци.

**На површина од 600 метри квадратни изграден е паркинг простор во состав на ООУ „Гоце Делчев“, за над 30 возила.**

Со ова за прв пат откако е изградено училиштето се решава проблемот што го имаа родителите и вработените во училиштето со паркирањето на своите возила. Паркингот е ограден со зелена површина, како и со посебен дел за велосипеди.



# ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ДЕЛ ОД ПРВАТА ВЕЛО ТУРНЕЈА

Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ беше дел од првата Вело турнеја на пролетната Вело офанзива „Пролет 2023“ во рамки на програмата Вело училишта, организирана од страна на Здружението на граѓани Еко Логик, кое има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз на учениците.

Во рамките на Вело турнејата учениците беа вклучени во разни активности за безбедно возење велосипеди, а се одржаа и обуки за просветните работници на темите за велосипедизам, одржливост и безбедност, како и градење на капацитетите кај просветните работници. По обуките ќе бидат доделени сертификати за успешно совладана Вело програма.






## УЧИЛИШЕН ЛЕТЕН КАМП ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНАТА

За најуспешните 50-тина ученици од општинските основни училишта, Општината за прв пат организираше училишен летен камп во македонските туристички центри. Дел од летниот камп имаат можност да бидат учениците кои во текот на учебната година постигнале високи резултати во делот на спортот, првенци на генерација, носители на награди од различни училишни натпревари. Учениците во летниот камп ги посети градоначалникот Александар Георгиевски.

## НАГРАДЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЈА ПОСЕТИЈА ОПШТИНАТА

Градоначалникот Александар Георгиевски приреди прием на учениците од основните и средното училиште од Општината кои освоија високи места на државните натпревари и им додели признанија за постигнатите резултати. Тој им ги честиташе големите успеси на учениците и нивните ментори и истакна дека прекрасно е чувството што има голем број наградени ученици од нашата Општина.





## ДОДЕЛЕНИ СМАРТ ТАБЛЕТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

По повод новогодишните и божиќните празници доделени се 50 смарт таблети, таму кадешто е најпотребно во трите основни училишта на територија на Општината. Смарт уредите се наменети за ученици од прво до осмо одделение, како и за ученици од социјално ранливи семејства, со цел успешно следење на наставата по новиот концепт и програма.

## ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО Е УРЕДЕН ДВОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО ВО БУНАРЏИК

Партерното и хортикултурно е уреден дворот на подрачното училиште во Бунарџик кое е во рамки на ООУ „Ристо Крле“ којшто подолго време беше запоставен, а за подобар престој и рекреација на учениците се поставени и детски реквизити, лулашки. Исто така поставен е нов довод за вода кој во минатото бил со дефекти и непотребно излевање на водата за пиење.





## ОДБЕЛЕЖАНА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА

Под мотото „Јас и светот околу мене“, првачињата од основните училишта ја одбележаа „Детската недела“ и станаа членови на Детската организација. На овој значаен ден за нив тие дадоа свечена заклетва, а во таа чест нивните поголеми другарчиња им приредија културно уметничка програма, во која читаа, глумеа, играа, пееја и другаруваа.





- Во ЦОУ „Ристо Крле“ опремен е кабинетот по информатика со нови лаптоп компјутери, монитори, слушалки, а старите и дотраени училишни клупи заменети се со нови.
- Обезбедени се пет паметни смарт табли, три во централното училиште во Кадино и по една во подрачните училишта Мралино и Бунарџик.
- Во ПОУ „Браќа Миладиновци“ во населените места Мршевци и Текија извршена е замена на старите табли за пишување со нови бели табли за маркери (4 во Текија и 2 во Мршевци), а во Текија комплетно е реновирана училница.



## СО ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „РИСТО КРЛЕ“

Учениците од ООУ „Ристо Крле“ од Кадино, како и подрачните училишта во Мралино и Бунарџик на свечен начин и со повеќедневна програма и активности го одбележаа патрониот празник на училиштето.

Во рамки на одбележувањето беше пуштено во употреба игралиштето за баскет во Мралино, се одржа литературно читање и уметничка галерија во централното училиште, есенски настан во подрачното училиште во Бунарџик, како и свечена завршна приредба во централното училиште.



## ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА БЕШЕ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВМРО-ДПМНЕ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ

Во посета на Општината беше претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, кој заедно со градоначалникот изврши увид на градежните работи на кружниот тек и пешачката патека во населба Илинден коишто се наоѓаат на влезот во Општината на едни од најфрекфентните сообраќајници. Притоа, градоначалникот го запозна Мицкоски со реализацијата на повеќе тековни проекти во Општината.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски истакна дека тековните проекти кои што се реализираат во Општина Илинден се пример како треба да се работи и развива локалната самоуправа.

## РАБОТНА СРЕДБА СО ПРАТЕНИК И ЗАМЕНИК ГРАДОНАЧАЛНИК ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со заменик градоначалникот на Општина Нова Црња од Војводина, Република Србија, Драган Даничиќ, како и пратеникот од таа општина во покраинското Собрание на Војводина, Дејан Паниќ.

На средбата се разговараше за идната можна соработка помеѓу Општина Илинден и Општина Нова Црња, која би се однесувала на повеќе области од локалната самоуправа.





## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА ЈА ПОСЕТИ ОПШТИНАТА

Делегација предводена од градоначалници, претседатели на реони и претставници на Германското здружение за развој во Молдавија, ја посетија Општината и оствари работна средба со градоначалникот Александар Георгиевски и општинската администрација.

Делегацијата од Молдавија ја посети општина Илинден како позитивен пример во нашата држава, за економско развиена општина со голем број на инвестиции и општина која го поседува регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување-BFC SEE.

Градоначалникот на Општина Илинден, Александар Георгиевски пред делегацијата ја презентираше Општината и нејзините главни карактеристики, како и начинот и постапката на работење на локалната самоуправа во делот на создавање на поволна инвестициска клима. За време на престојот беа посетени неколку локални економски зони.



## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА УКИМ

Во просториите на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа состанок со Gernot Walter координаторот за Западен Балкан во Владата на Штаерска, Република Австрија. На состанокот присуствуваше градоначалникот Александар Георгиевски, кој воедно е и претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион, како и проф. д-р Валентина Гечевска, проректор за наука и проф. д-р Ордан Чукалиев, проректор за меѓународна соработка.

Состанокот се реализира во функција на запознавање со Стратегијата за Западен Балкан на Австриската покраина Штаерска, воспоставување соработка, како и идни заеднички проекти.

## ОСТВАРЕНА Е РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ФОНДАЦИЈАТА WESTMINSTER И КЛУБ НА МЛАДИ ПРАТЕНИЦИ



Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со претставници од фондацијата Westminster како и пратеници од Собранието на Република Македонија, кои се дел од Клуб на млади пратеници, претставниците на Локален младински совет во Општина Илинден, како и претставници од Советот на Општина Илинден.

Целта на средбата беше пратениците да се запознаат со имплементацијата на младинските политики на локално ниво, законот за млади и младинските потреби на локално ниво. Локалната самоуправа посветува големо внимание на проекти кои го подобруваат квалитетот на живот на сите млади во Општина Илинден, а приоритет се и во иднина ќе бидат младинските проекти.



## СКЛУЧЕН ДОГОВОР МЕЃУ ОПШТИНА ИЛИНДЕН И ДРЖАВНИОТ АРХИВ

Општина Илинден склучи договор со Државниот архив, со кој се изврши средување, како и опис и попис на целокупниот архивски и документарен материјал со изминати рокови за негово чување и комплетна заштита на архивската граѓа. Согласно склучениот договор од страна на Комисија формирана од Државниот архив беше извршен целосен попис и опис на архивскиот материјал од трајна вредност, како и документарен материјал со кој располага Општина Илинден за периодот 1996-2017 година, со што беа обработени вкупно 284 архивски кутии со архивски материјал од трајна вредност и 613 архивски кутии со документарен материјал со изминати рокови на чување за кој беше добиена согласност од Државниот архив за негово уништување.




## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Водени од потребата за јакнењето на меѓусебната соработка и афирмација на областите од заеднички интерес Општина Илинден и Бизнис Конфедерацијата на Македонија, потпишаа Меморандум за соработка за спроведување на проекти од областа на одржлив локален економски развој. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и претседателот на Бизнис Конфедерација на Македонија, Миле Бошков.

Целта на Меморандумот е преку искористување на капацитетите од двете страни да се постигне остварување на заедничките интереси во насока на забрзување на локалниот економски развој преку зголемување на ефикасноста на инвестициите во Општина Илинден.

Во рамки на Меморандумот, ќе се обезбеди размена на информации за организирање на разни програми за обука поврзана со образование, култура, економски активности, туризам, поттикнување на проекти, апликации, искуства итн.

## СЕРТИФИКАТ ЗА УСПЕШНА СОРАБОТКА СО УСАИД

Градоначалникот  Александар Георгиевски присуствуваше на настанот организиран од УСАИД во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“. Проектот е финансиран од САД и има за цел создавање на партнерство за поефикасни општини.

Поради успешната соработка, на градоначалникот Георгиевски му беше врачен сертификат за посветеноста во Општина Илинден во реализирањето на техничката поддршка од Проектот, како и постигнатите резултати во унапредување на административните капацитети за зголемување на приходите од сопствени извори на финансирање, пристап до надворешни извори за финансирање, како и зголемување на нивото на извршување на буџетот на Општината.






## СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА БУГАРИЈА

Градоначалникот Александар Георгиевски оствари работна средба со амбасадорот на Република Бугарија во Македонија, Н.Е. Ангел Ангелов.

На средбата се разговараше за идна соработка и реализација на проекти во делот на социјалната заштита во Општина Илинден. Исто така беа разменети и позитивните искуства применети во општините на Република Бугарија.

## „ПОДАЈ РАКА-ХУМАНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

По повод големиот христијански празник Велигден беше организирана голема хуманитарна акција – „Подај рака-хумана Општина Илинден“, за донација на храна и хигиенски средства.

Целта на оваа голема хуманитарна акција е да им се помогне на ранливите категории на граѓани од Општината, велигденските празници да ги прослават достојно како и останатите граѓани.

Во соработка со Црвениот крст и бизнис заедницата, кои несебично подадоа рака на ранливите категории граѓани беа обезбедени и доделени околу 200 хуманитарни пакети со храна и хигиенски производи.





## УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Во соработка со Црвениот крст и Институтот за трансфузиона медицина, во просториите на Домот на култура „Илинден“ успешно се реализираше крводарителска акција. Со големиот одзив граѓаните од Општината уште еднаш ја покажаа својата хуманост на дело со дарување на крв.

## ДОДЕЛЕНИ ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ НА СТАРИ ЛИЦА

По повод Божикните празници Општина Илинден во соработка со Општинската организација на Црвен крст Гази Баба и во координација со Основната организација на Црвен крст поделија 30 хуманитарни пакети на стари лица во повеќе населени места од Општината.





## НОВОГОДИШНИОТ БАЗАР „ПАТЕКА НА РАДОСТА“

Во соработка со општествено одговорни компании, во комплексот на Спортско рекреативниот ценар во Марино, под мотото „Патека на радоста” се одржа Новогодишен базар.

Базарот којшто се одржува по втор пат, покрај интересните подароци за празниците, на граѓаните им понуди и богата музичка програма.

## ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА






# НЕЗАБОРАВНА ПОЕТСКАТА ВЕЧЕР „НАШИНСКА, ТАТКОВИНСКА“

Со бројни настани, во соработка со Друштвото на писателите на Македонија, успешно се реализираа традиционалните Денови на културата, во чии рамки, со подновен концепт, под покровителство на градоначалникот Александар Георгиевски се одржа 24-та Литературна манифестација „Илинден“.

Централен настан на манифестацијата беше поетската вечер „Нашинска, татковинска“, посветена на современата македонска родољубива поезија, на која настапија повеќемина реномирани македонски и поети од странство.

За незаборавна поетска вечер се погрижија Гордана Михаилова-Бошнаковска,



Паскал Гилевски, Санде Стојчевски, Христо Петрески, Љерка Тот-Наумова, Леетив Намдаг Жанчивин (Монголија), Весна Ацевска, Васил Тоциновски, Иван Цепаровски, Кристина Николовска, Зоран Пејковски, Ленче Милошевска, Виолета Танчева-Златева, Михајло Свидерски, Марина Мијаковска, Славица Урумова-Марковска, Верица Мукоска.

Во рамките на манифестацијата, на големо задоволство на учениците се одржа и традиционалното Литературно матине за деца „Пролетно поетско будење на Илинден“, на кое учествуваа истакнатите македонски писатели за деца и млади Горјан Петрески, Ели Макazлиева, Мито Спасовски, Перо Миленковски, Васил Мукаетов и Христо Петрески.

По повод Литературната манифестација „Илинден“, Општината распиша литературен награден конкурс на тема „Творам за Илинден“ за учениците од општинските основни училишта, при што на Литературното матине за деца беа прочитани и наградените песни, а на учениците градоначалникот на Општина Илинден, Александар Георгиевски им додели пригодни награди.

Дел од манифестацијата беше и трибината под наслов „Идентитетот како книжевност, книжевноста како идентитет“ на којашто учествуваа еминентни писатели и литературни критичари: Ефтим Клетников, проф. д-р Христо Петрески, проф. д-р Гоце Ристевски, а модератор на трибината беше проф. д-р Кристина Николовска.

Во рамки на манифестацијата се одржа креативна работилница „Имагинарница“ на тема „Како се создава литература за деца и

млади“ со учество на писатели на ДПМ и ученици од основните општински училишта од Општина Илинден.

Дел од манифестацијата беше и ликовната изложба на Леетив Намдаг Жанчивин, конзул на Монголија во Република Македонија, со наслов „Современа Монголска калиграфија во графика“.

На сите учесници на манифестацијата градоначалникот Александар Георгиевски им додели посебни признанија за особен придонес во афирмацијата на културата и културниот развој на Општина Илинден. Манифестацијата беше затворена со настап на Ансамблот за народни инструменти и песни „Стефче Стојковски“.





# ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

По долгогодишна успешна соработка Општина Илинден и Друштвото на писателите на Македонија за прв пат потпишаа официјален документ-Меморандум за соработка. Меморандумот го потпишаа градоначалникот Александар Георгиевски и претседателот на Друштвото на писателите на Македонија, проф. д-р Христо Петрески.

Потпишувањето на Меморандумот е продолжение на плодната соработка низ годините наназад во областа на културата и книжевноста. Според Меморандумот, Друштвото на писателите на Македонија и Општината заеднички ќе учествуваат во креирањето на програмата и реализацијата на програмските содржини на традиционалната Литературна манифестација „Илинден“.

Во знак на благодарност за успешната соработка првите луѓе на ДПМ на градоначалникот, Александар Георгиевски му доделија почесна титула „Пријатели на ДПМ“ која што се доделува на почесни пријатели и поддржувачи на асоцијацијата.



# ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК „ИЛИНДЕН 2-ри АВГУСТ“





Во комплексот на Домот на култура „Илинден“ се одржа централната манифестација по повод одбележувањето на патронот празник „Илинден 2-ри Август“ и националниот празник на македонскиот народ.

Честитајќи им го празникот на жителите на Општината, градоначалникот Александар Георгиевски изрази голема благодарност до граѓаните, претставниците на бизнис секторот, општинската администрација, Советот на општината, образовно-воспитните институции, комуналните претпријатија, невладините организации и здруженија за досегашната поддршка во реализација на многу значајни проекти во Општината.

Во забавниот дел од програмата присутните имаа можност да уживаат во настапот на Миле Кузмановски и ДНК, како и настапот на КУД „Гоце Маркоски“.

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник беше и отворањето на ликовната изложба на околу 40-тина прекрасни уметнички дела, резби и скулптури направени од 10-тина уметници од Општината:
Блаже Донев, Зоран Трпевски,
Славе Кочовски, Тамара Ѓуровска,
Виолета Арсовска, Бобан Стевковски,
Снежана Колевска, Аце Горѓиевски,
Марјан Ристовски и Ненад Божиновски.









## ДНК СПЕЦИЈАЛНИ ГОСТИ ЗА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ОПШТИНАТА

Градоначалникот Александар Георгиевски во својот кабинет ги прими македонските музички ѕвезди Панчо и Андреј од дуото ДНК, кои беа специјални гости на одбележувањето на националниот празник на македонскиот народ и патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“.

## ВОДИЦИ

Со присуство на голем број верници беше одбележан големиот православен празник Богојавление-Водици. Свештениците од црквата „Свети Константин и Елена“ го положија светиот крст во езерото кај хотелот Белви, а Богојавленскиот крст го фати Кристијан Ангеловски од населба Илинден кој беше најсреќен меѓу големиот број верници што скокнаа во студените води на езерото.



## СЕ ОДРЖА МЕЃУНАРОДЕН ДЕТСКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВ.ТРОИЦА“

Во прекрасниот амбиент на амфитеатарот „Галерија на отворено“ при Домот на култура „Илинден“, се одржа меѓународниот детски фолклорен фестивал „Св. Троица“. Овој фестивал годинава се одржа по деветти пат, но за прв пат во Општина Илинден, а многубројната публика имаше можност да ужива во прекрасните настапи на културно уметничките друштва од земјава и странство.

Во рамките на фестивалот се одржа дефиле пришто сите учесници тргнувајќи од пред спортската сала „Гоце Делчев“ се движеа по главната улица во Општината се до Домот на култура „Илинден“, кадешто настапија културно уметнички друштва од Бугарија, Србија, како и неколку ансамбли од Скопје, КУД „Гоце Маркоски“, АНПИ „Илинден“, ФА „Седенка“ и ФА „Плетеница“.





## ПОД МАСКИ ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Во детската градинка „Гоце Делчев“ и основните училишта во Општината се одржа маскенбал со кој беше одбележан Светскиот денот на шегата 1-ви Април. Како и секоја година децата со нетрпение го очекуваат овој ден на кој доаѓа до израз бујната детска фантазија во креирањето на маските при што ги оживуваат бројните ликови од детските приказни, од бајките, херои од стриповите.



## РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Во Домот на култура се одржа 21. Регионална ревија на песни, музика и игри на пензионерски здруженија од регионот, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, чиј домаќин беше Здружението на пензионери – Илинден.

Оваа Регионална ревија е од исклучителна важност за пензионерите, бидејќи дава придонес во зачувувањето на културната традиција, во негување на фолклорот, дава можност за дружење, социјализација, подолг и поквалитетен живот на пензионерите.



## НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На децата со попреченост од двете хуманитарни здруженија „Боиме сино“ и „Илинден“ кои се единствени на територија на Општината со кои е потпишан Меморандум за соработка, им беа доделени новогодишни пакетчиња.

## ПОЛОЖЕНО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ДРАГО МАНЕВСКИ

Со положување на свежо цвеќе пред спомен плочата одбележана е 22-та годишнина од смртта на припадникот на македонските безбедносни сили Драго Маневски, кој го положи животот во борба за татковината.

Драго Маневски е роден 1966 година во Марино, загинува на 11 ноември во Требош, во кризната 2001 година како член на безбедносните сили на Република Македонија.



## ОДБЕЛЕЖАНИ 22 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Со положување свежо цвеќе пред спомен плочата во Бунарџик, беше одбележана 22-та годишнина од трагичната смрт на Роберт Петковски, кој како припадник на Министерството за одбрана, трагично загина во Вејце, на 28 април 2001 година.

Свежо цвеќе положија членовите на семејството на Роберт Петковски, претставници на Општина Илинден предводени од градоначалникот м-р Александар Георгиевски, припадниците на специјалната единица „Волци“, претставници на месната заедница и жители на н.м. Бунарџик.





## СО „САЕМ НА ДОМАШНО ВИНО“ ОДБЕЛЕЖАН СВЕТИ ТРИФУН

Со традиционално закројување на виновата лоза во дворот на црквата Свети Трифун во Ајватовци и манифестацијата „Саем на домашно вино“ на која се одржа избор на најдобро произведено домашно вино во Општината, беше одбележан празникот на лозарите.



## СО ПОЛОЖУВАЊЕ ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ВАСИЛ СТОЈАНОВ -АЏАЛАРСКИ ОДБЕЛЕЖАН Е ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

По повод одбележувањето на денот на македонската револуционерна борба 23-ти Октомври беше положено свежо цвеќе пред споменикот на војводата Васил Стојанов-Аџаларски, во населено место Миладиновци.

Свежо цвеќе пред споменикот на Аџаларски положи делегација од Општина Илинден предводена од градоначалникот Александар Георгиевски, претставници на општинските јавни установи, сојузот на борци, Здружението на пензионери од Општина Илинден и невладини организации и граѓани.

Васил Стојанов-Аџаларски е роден во селото Аџалари, денешно Миладиновци во 1880 година, а загинува во 1909 година. Пред и по Илинденското востание тој бил предводник на поголема чета, а во неговата чета имало повеќе комити од околните места на денешната Општина Илинден.

## УСВОЕНА „ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОД ОД 2023-2025 ГОДИНА“

На предлог на Градоначалникот, Советот ја усвои „Програмата за енергетска ефикасност за период од 2023-2025 година“.

Главната цел на оваа Програма е намалување на трошоците за енергија во Општината, пред се во општинските објекти, осигурување на стандардно комфорни услови за престој и работа во сите простории, намалување на емисиите на штетни материи во воздухот и околината и поголема примена на обновливи извори на енергија.

Со реализација на Програмата ќе се овозможи обновени енергетски системи и објекти, подобрени санитарни услови, зголемена продуктивност и свест за енергетска заштеда и подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата.






## ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИ

Општината го помогна гостувањето на младата поетеса Викторија Ангеловска во Загреб, Хрватска, каде што таа со поетско читање настапи во библиотеката „Марија Јуриќ Загорка“ во Загреб, во рамките на меѓународната книжевна размена помеѓу Хрватска и Македонија, во организација на Хрватско друштво писаца (ХДП) и издавачката куќа „ПНВ Публикации“ од Скопје.

Таа учествуваше и на престижниот интернационален поетски фестивал „Стих у регији“ (СУР) во Загреб. Викторија Ангеловска е родена и живее во Општина Илинден и е една од најперспективните млади македонски авторки. Досега ги напишала стихозбирките „Станица 15“ и „Ноќта сѐ знае“.

## ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Локалниот младински совет ја донесе Годишната програма за работа која се базира на квантитативни и квалитативни истражувања кои укажуваат кон потребите на младата популација. Програмата подразбира фокус на три стратешки области за работата на Локалниот младински совет: професионализација и јакнење на капацитетот на Советот на млади, интеграција на младинско претставување во општествено-политичките процеси, младински стандарди и информираност.

Во организација на Локалниот младински совет во Домот на култура се одржа првата панел дискусија на тема „Младинско учество во процесот на носење одлуки во Парламентот и општините“.





## ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ПАТУВАЊЕ“ НА НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

Во галеријата на Домот на култура „Илинден“ отворена е ликовна изложба на академскиот уметник од Општина Илинден, Новица Трајковски наречена „Патување“.

Љубителите на ликовната уметност имаа можност да погледнат околу 50 врвни уметнички дела на Трајковски, изработени во техника со акрил и масло на платно.




## ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО ОПШТИНАТА

Во рамки на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, се одржа работен состанок на кој присуствуваа, градоначалникот, директорот на Проектот Бардул Марку заедно со тимот, како и претставници од Општината.

На состанокот се разговараше за позитивните промени во Општина Илинден како резултат на 18 месечната техничка поддршка од Проектот на USAID North Macedonia за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.

Општина Илинден беше една од првата група на 15-те партнер општини кои соработуваа со Проектот од мај 2021 година до декември 2022 година, во кој период Општината ги зголеми: наплатата на приходи од сопствени извори и наплатата на данокот на имот, активната, буџетска и даночната транспарентност, капацитетите на одделението за Локален Економски Развој за подготовка на проектни апликации и соработка со деловниот сектор.



## МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА-ИЛИНДЕН ОДБЕЛЕЖА 55. ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО

Во Домот на култура „Илинден“ беше одбележана 55. годишнината од формирањето на Месната заедница-Илинден. Настанот беше искористен за доделување благодарници на сите оние што имаат дадено придонес за развојот и унапредувањето на Месната заедница-Илинден.

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН МЕЃУ ПРВИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ЕВРОПСКИТЕ ПРОЕКТИ

Општина Илинден е една од првите институции од регионот која стана дел од европскиот проект „Зелени микро акредитиви: Долгорочна надградба и зајакнување на вештините на нискоквалификувани возрасни лица“. Проектот „Green Micro Credentials“ обезбедува патишта за надградба на нискоквалификувани возрасни лица за да добијат еднаков пристап до пазарот на труд и поддржува праведна транзиција кон економијата со ниска јаглеродна енергија. Проектот развива флексибилен и инклузивен пристап за учење и настава за поддршка на возрасните ученици со ниска вештина со цел да стекнат работни релевантни вештини за зелената елокономија.

Проектот ќе се имплементира од страна на 15 организации и институции од 6 различни земји од Европа.



## ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Се одржа втората седница на Локалниот Совет за превенција со претставници од надлежните институции, а во рамки на подобрување на јавната безбедност на територија на Општината. Целта на Локалниот совет за превенција е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Илинден, како градење на доверба и партнерски однос и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност.







## ОСВЕТЕН НОВОИЗГРАДЕНИОТ ЦРКОВЕН ХРАМ „СВЕТ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА“

Во присуство на голем број верници беше осветен новоизградениот црковен храм „Свети Константин и Елена“. По тој повод се одржа заедничка Архиерејска литургија на која чиноначалствуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и преосветениот Епископ Дељадровско-Илинденски г. Јоаким со повеќе свештенослужители.

За време на Архиерејската литургија на новоизградениот црковен храм Архиепископот г.г. Стефан на градоначалникот Александар Георгиевски му додели Огличие за особен придонес во изградбата на овој црковен храм.

Голем придонес во изградбата на оваа црква даде формираниот Одбор за изградба, кој изминатите години успеа да обезбеди донатори како месното население и околните населени места, локалната самоуправа, локалната бизнис заедница и МПЦ-ОА.

Инаку, изградбата на оваа црква е почната на 9 јуни 2012 година, кога беше и поставен камен темелник од страна на г.г. Стефан, поглавар на МПЦ-ОА, такашто овој ден е од особено значење како за црквата, така и за жителите од Општина Илинден.

## СЕ ОДРЖА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ДЕН НА ПЧЕНИЦАТА 2023“

Под покровителство на Општина Илинден и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се одржа манифестацијата „Ден на пченицата 2023“. Настанот е во организација на компанијата „Агроунија“ ДООЕЛ Скопје, а во присуство на бројни гости, земјоделски производители, претставници на институции, се изврши обиколка на опитното поле во Општина Илинден, на микро, макро и компаративни опити на македонските сорти со најдобрите балкански и европски сорти, а беа споделени информации и за семепроизвотството и за материјалот за селекција.




## ДЕДО НАЦЕ СО 101 ГОДИНА НАЈВОЗРАСЕН ЖИТЕЛ ВО ОПШТИНАТА

Најстар жител во Општина Илинден е дедо Наце Петрушевски од Бучинци, кој наполни 101 година. По тој повод го посети градоначалникот Александар Георгиевски кој со подароци и искрени желби му го честиташе роденденот и му посака да го служи добро здравје и да поживее уште долго.

Дедо Наце има 4 деца, 9 внуци, 16 правнуци и едно чукунвнуче.



# СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА





## ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Во тек е изградба на мултифункционално игралиште во делот кај спортската сала „Гоце Делчев“ во населба Илинден.

Новото мултифункционално игралиште кое за прв пат се гради од ваков тип во Општината, се простира на површина од околу 1.000 метри квадратни и е наменето за мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка. Предвидено е поставување на заштитна ограда, лед осветлување, клупи, корпи за отпадоци, а просторот ќе биде партерно уреден, со што ќе се добие комплетно нов лик на овој спортски простор.

Со изградбата на мултифункционалното игралиште младите ќе добијат спортски терен граден според високи стандарди, каде што ќе можат во спортски дух да го минуваат слободното време.

## ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА ПРВОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ЈАКА



Во употреба е пуштено првото детско игралиште во населбата Јака. Во рамки на игралиштето поставени се детски реквизити, нишалки и лизгалки, пристапна патека, поставени се клупи и канти за отпадоци.

Децата од населбата Јака добија место за игра и забава, ново катче каде што можат да го минуваат времето во игра и забава.



## ВО МРШЕВЦИ ПУШТЕНО Е ВО УПОТРЕБА НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ

Во употреба е пуштено ново детско катче во Мршевци. Станува збор за детско игралиште на кое се поставени нови детски реквизити, нишалки, лизгалки, клупи, канти за отпадоци, нова заштитна ограда, како и терен за баскет.





## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО АЈВАТОВЦИ

Извршено е комплетно уредување и реконструкција на повеќенаменското игралиште во Ајватовци. Поставени се две нови табли за кошарка, на головите за мал фудбал и ракомет поставена е заштитна мрежа, клупи и канти за отпадоци. Поставени се столбови за осветлување, како и целосно оградување на просторот со заштитна мрежа.



## РЕКОНСТРУИРАНО ИГРАЛИШТЕТО ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО КАДИНО

На фудбалското игралиште е поставена нова вештачка трева, ново лед осветлување, променета е заштитната ограда, поставени се нови голови, клупи, корпи за отпадоци, просторот е партерно уреден, такашто ова фудбалско игралиште  доби комплетно нов лик.





## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЛАДИНОВЦИ

На фудбалското игралиште во Миладиновци реконструиран е теренот којшто е со површина од 900 метри квадратни, реконструирана е трибината, поставено е ново лед осветлување, извршена е промена на заштитната ограда, поставени се клупи, корпи за отпадоци, просторот е партерно уреден, со што овој спортски терен во Миладиновци доби нов лик.

# ИЗГРАДЕНО Е ИГРАЛИШТЕ ЗА БАСКЕТ ВО МРАЛИНО



Изградено е игралиште за баскет што се наоѓа до подрачното основно училиште „Ристо Крле“ во Мралино, на површина од 230 метри квадратни.

Со изградбата на игралиштето се збогатува училишниот двор со уште еден уреден спортски терен што ќе биде од особено значење за спортскиот живот и подобрувањето на наставата по физичко и здравствено образование на учениците.



Играњето баскет, односно уличната кошарка претставува еден вид традиција и урбана култура во Општината, а со изградбата на спортските игралишта уште еднаш се покажува поддршката во спортот, бидејќи само низ игра, рекреација и спорт, децата и младите го развиваат духот на пријателството.



# ИЗГРАДЕНО Е НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ И РЕКОНСТРУИРАНО ИГРАЛИШТЕТО ЗА БАСКЕТ ВО БУЈКОВЦИ

Пред Домот на култура во централниот дел на Бујковци изградено е ново детско игралиште при што се поставени детски реквизити, нишалки и лизгалки, клупа и канти за отпадоци. Извршена е целосна реконструкција на игралиштето за баскет, кадешто се поставени две нови табли, извршено е комплетно партерно уредување, како и целосно оградување на просторот.

# РЕКОНСТРУИРАНО Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЛАДИНОВЦИ

Комплетно е реконструирано детското игралиште во Миладиновци. Во рамките на игралиштето поставени се детски реквизити, нишалки и лизгалки, поставена е гумирана подлога, клупа, канти за отпадоци, како и санирање на оштетената заштитна ограда.





# ДЕТСКО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ ВО КАДИНО

Реконструирано е детското игралиште во Кадино. Станува збор за детско инклузивно игралиште на кое е поставена околу 300 м² гумирана подлога, видео надзор, детски реквизити, нишалки, лизгалки, клупи, канти за отпадоци, како и нова заштитна ограда.









На фудбалското игралиште во Мршевци поставени се две нови кабини за играчите, заменета е и заштитната ограда околу игралиштето со нова.

# КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИТЕ, КЛУБОВИТЕ И СПОРТСКИТЕ НАСТАНИ



- **Грижата и поддршката на спортистите, спортските клубови и спортските настани секогаш била еден од приоритетите во работата на локалната самоуправа. Доказ за тоа е одржувањето на голем број спортски натпревари од локален, но и меѓународен карактер на кои Општината се покажа како добар организатор и домаќин. Последица на сето тоа се бројните спортисти од Општината кои го носеле и носат дресот со државниот грб, што е мотив повеќе да се продолжи по патот на поддршката на спортот и спортистите.**

## ЗА ПРВ ПАТ ДОДЕЛЕНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Со цел да се поддржат и наградат спортистите кои оствариле големи успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување големи победи на спортските натпревари, за прв пат беше доделена еднократна финансиска поддршка за спортисти кои се жители на Општина Илинден.

Оваа мерка содржи повеќе категории, а износот кој го доделува Општината како финансиска поддршка изнесува, за прва категорија во висина до 130.000,00 денари, втора категорија во висина до 120.000,00 денари, трета категорија во висина до 90.000,00 денари, четврта категорија во висина до 60.000,00 денари и петта категорија во висина до 30.000,00 денари.









## „ДЕНОВИ ЗА СПОРТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

На спортските терени во Општината се одржа спортската манифестација „Денови за спорт на младите во Општина Илинден“, на кои се натпреваруваа учениците од основните училишта, како и учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“.

Се одиграа натпревари на основните училишта во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, турнир во баскет за ученици од СОСУ „Илинден“, елементарни штафетни игри за ученици од одделенска настава.

На најдобрите екипи им беа доделени пехари.




# ПРОФЕСИОНАЛНА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА

Во рамките на „Денови на младите во општина Илинден“, а во соработка со Велосипедската федерација на Република Македонија, во присуство на голем број жители, љубители на велосипедизмот се одржа професионална велосипедска трка во должина од 100 километри „Трофеј Илинден“.

На велосипедската трка којашто е дел од календарот на велосипедски трки на Велосипедската федерација на Македонија и се бодува за купот на нашата земја учествуваа 70-тина професионални велосипедисти од цела држава во 6 категории: У-23, јуниори, жени, кадети, мастерс и елит.

Велосипедската трка која беше од кружен карактер, а стартната позиција од спортската сала „Гоце Делчев“, се возеше кон општинската зграда, надвозникот во населба Илинден кон Ајватовци, потоа Мршевци, Дељадровци, Текија, Миладиновци, Кадино, Марино и назад кон целта – сопртска сала „Гоце Делчев“.

Покрај професионалната трка се одржа и трката за рекреативци, на која со своите велосипеди учествуваа голем број љубители на велосипедизмот, особено млади велосипедисти.

Пригодни награди на најдобро пласираните како и жолти маички на победниците им додели покровителот на настанот, градоначалникот на општина Илинден, Александар Георгиевски, а Велосипедската федерација на градоначалникот му додели плакета во знак на благодарност.








## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ИМАШЕ СРЕДБА СО МАКЕДОНСКИТЕ РАКОМЕТНИ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ

Тројцата ракометари од Општина Илинден кои играат во македонската ракометна репрезентација, Гоце Георгиевски, Жарко Пешевски и Давид Савревски беа гости на градоначалникот Александар Георгиевски. Во знак на благодарност, градоначалникот на македонските ракометни репрезентативци, им подари благодарници за особен придонес за развојот и унапредување на спортот и промоција на Општина Илинден.






## ЏУДО ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2023“ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа Меѓународен џудо турнир „Скопје Опен 2023“. Турнирот е во организација на џудо клубот „ИПОН“ од Скопје, а учествуваа над 250 учесници од џудо клубови од Македонија, Молдавија, Бугарија, Грција, Црна Гора, Косово, Србија, Албанија, Турција и Романија.

## МЕЃУНАРОДЕН ЏИУ ЏИЦА ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2023“

Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа 12. Меѓународен џиу џица турнир „Скопје Опен 2023“. Турнирот е во организација на Македонската џиу џица федерација, а на него учествуваа над 250 борци од клубови од Германија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Грција, Босна и Херцеговина, Словенија, Австрија и Македонија. Турнирот беше во три дисциплини во детски и во возрасни категории, машка и женска конкуренција.





## НАГРАДА ЗА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА НАЈГОЛЕМ ИСЧЕКОР ВО ВЕЛОСИПЕДСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА



Општина Илинден е добитник на наградата за вело општини која ја доделува Здружението на граѓани Центар за одржливи иницијативи заедно со групата ентузијасти со цел подобро велосипедско Скопје - НаТочак.

Наградата за рурална општина со најголем исчекор во велосипедската инфраструктура и припадна на Општина Илинден затоа што покажа значителен и најголем напредок за разлика од останатите рурални општини, инвестирајќи во нова велосипедска инфраструктура - вело патеки и паркинзи.



Бодувањето на општините е извршено врз база на критериум (методологија) развиен во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“. Притоа, биле земени бројни карактеристики и активности кои општините ги сработиле за велосипедистите во периодот 2021-2023, а информациите се побарани по пат на барање за информации од јавен карактер. Покрај тоа, беше спроведена и јавна анкета наменета за граѓаните.



## ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА „ЕКСПЕДИЦИЈА НИЗ СРЦЕТО НА ИЛИНДЕН 2023“

Во организација на Здружението МТБ „Илинден“, а со поддршка на Општината, за прв пат се одржа велосипедска тура „Експедиција низ срцето на Илинден 2023“.

На настанот учествуваа околу 100-тина велосипедисти од цела Македонија, а стартната позиција беше од пред спортската сала „Гоце Делчев“. Велосипедската тура се вози по асфалтен и земјен пат низ предели на Општината и е во должина од околу 45 километри.

## МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

Во чест на трагично загинатиот припадник на безбедносните сили Роберт Петковски кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, се одржа традиционален меморијален турнир во фудбал.



## МЕЃУНАРОДЕН ФУДБАЛСКИ ТУРНИР „ИЛИНДЕН КУП 2023“



На спортските терени во Марино и Кадино под покровителство на градоначалникот Александар Георгиевски, се одржаа фудбалските натпревари во рамки на меѓународниот фудбалски турнир „Илинден куп 2023“. На турнирот учествуваа околу 120 европски, балкански и македонски клубови со околу 1.000 учесници - деца на возраст од 8 до 12 години.

Наградите и пехарите на најдобрите екипи им ги доделија градоначалникот на Општина Илинден, Александар Георгиевски, селекторот на македонската фудбалска репрезентација, Благоја Милевски, фудбалските легенди Илија Најдовски, Вујадин Станојковиќ и Влатко Гроздановски.









## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГО ПРИМИ ЛУКА ТРИФУНОВИЌ ОД БК „ИЛИНДЕН“

По повод освоеното прво место на Државното првенство во бокс, категорија јуниори, градоначалникот го прими младиот боксер од Општина Илинден и член на Боксерскиот клуб „Илинден“, Лука Трифуновиќ.

На Државното првенство кое што се одржа во Штип покрај големата конкуренција младиот 17 годишен боксер успеа да го освои првото место и тоа благодарение на напорните подготовки со неговиот тренер Тони Насковски, кој важи за историја во боксот, особено во Општина Илинден. Лука Трифуновиќ досега има настапувано на повеќе домашни и меѓународни натпревари каде што има постигнато врвни резултати.

## СЕ ОДРЖА ДЕВЕТТИОТ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „МРШЕВЦИ 2023“

Пред голем број љубители на спортот на спортскиот терен во Мршевци се одржа деветтиот турнир во мал фудбал „Мршевци 2023“ на кој годинава учествуваа 28 екипи.

Покрај спортскиот дел во рамки на турнирот имаше и забавен дел со музичка програма, при што настапија повеќе музички изведувачи.







## СЕ ОДРЖА МЕМОРИЈАЛЕН НАТРЕВАР ВО ФУДБАЛ ЃОРЕ ДИМОСКИ-ЈОЦО И МАРЈАН ВЕЛКОВСКИ-КАРЕ 2023

На спортскиот терен во Мралино се одржа Меморијален натпревар во фудбал во чест на Ѓоре Димоски-Јоцо и Марјан Велковски-Каре на кој учествуваа четири екипи.





## МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „ДРАГАНЧО СТОЈАНОВСКИ-ПРПЕ“

Во Дељадровци се одржа Меморијален турнир во мал фудбал „Драганчо Стојановски-Прпе“ 2023, на кој учествуваа 28 екипи од повеќе општини.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2023 ГОДИНА

Издавач: Општина Илинден, Градоначалник **Александар Георгиевски** | Уредник: **Ристо Томовски** | Технички уредник: **Антон Власов**
Адреса: улица „9“ број 38, населба Илинден | тел. (02) 2571-703; 2571-704 | e-mail: ilinden@ilinden.gov.mk | Печати: „Европа 92“ Кочани

- ЈАНУАРИ 2024 -

ilinden.gov.mk